## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов-Ѕинго, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Абдуладие Вејсели, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Сашко Кедев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање акти на нуклеарен тероризам.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 60, 60 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеника, 62 гласале, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Меѓунарогната конвенција за сузбивање акти на нуклеарен тероризам.

Господине Макрадули повелете имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, согласно членот 74 ставот 2 од Деловникот за работа на Собранието, барам поддршка од десет пратеници за две измени на дневниот ред.

Прво, точката 28 - **Предлог-закон за филмскиот фонд,** да ја разгледуваме сега како прва на ред, а точката 23 да биде последна точка од дневниот ред.

Затоа барам поддршка од десет пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на господинот Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 48 за, 1 воздржан, 12 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господине Караџоски, повелете процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, со оглед на тоа дека дневниот ред е сериозно променет, од името на пратеничката група, барам еден час пауза за дополнителни консултации.

**Љупчо Јордановски:** Давам пауза до 13,40 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13,43 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Течат десет минути за кворум.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 56 пратеници.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 13,53 часот).